Архивски број: 02-131/7

Датум : 08.05.2026

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и Записникот од спроведена постапка за избор на правно лице бр 02-131/6 од 07.05.2026 година, В.Д. Директорот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на правно лице

1.**Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО СЕЛЕКТ увоз-извоз ДОО Битола се избира за правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад** кое ќе изврши преземање на движните ствари предмет на Јавниот повик, кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола.

2. Избраното правно лице има обврска во рок од 5 (пет) дена од денот на склучувањето на Договорот да изврши преземање на движните ствари предмет на Јавниот повик од просториите на Установата и истите да ги селектира и транспортира како отпад на соодветен начин, согласно законските прописи, без надомест.

3.Примопредавањето на горенаведените ствари ќе се изврши врз основа на Записник кој ќе го потпишат членовите на Комисијата и одговорното лице на Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО СЕЛЕКТ увоз-извоз ДОО Битола, а кој претставува основ за бришење на движните ствари од внатрешната евиденција на Установата.

4.Ова Одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 5 од Статутот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, а во врска со член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопсвеност, В.Д. Директорот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола отпочна постапка за избор на правно лице кое ќе изврши преземање на движните ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Со Решение бр.02-131/2 од 27.04.2026 година формирана е Комисија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Комисијата согласно горенаведеното Решение изготви Јавен повик бр. 02-131/3 од 28.04.2026 година и Инструкции по Јавен повик број 02-131/4 од 28.04.2026 година, во кој како критериум за избор на правно лице е рокот за преземање на движните ствари предмет на Јавниот повик но и дека истите се преземаат без надомест.

Јавниот повик беше објавен на ден 28.04.2026 година на веб страната и огласна табла на Установата и истиот траеше 8 (осум) дена од денот на неговото објавување.

Во Записникот бр.02-131/6 од 07.05.2026 година Комисијата за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, констатира дека е поднесена само една пријава за учество и тоа на Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО СЕЛЕКТ увоз-извоз ДОО Битола, кое целосно ги исполнува условите предвидени во Јавниот повик, а согласно инструкции по Јавниот повик.

Како одговорно лице го прифатив Записникот на Комисијата и ги разгледав доставените документи од единствениот учесник на Јавниот повик и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
В.Д. Д и р е к т о р
Биљана Анастасова

Доставено до:
-Избраното правно лице
-Комисија
-Архива

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com